SYMPOSION

# П О К А Н А

**ЗА УЧЕСТВО НА ИНТЕРАКТИВНА ОБУКА НА ТЕМА:**

## СЕРТИФИКАЦИЈАТА СО ISO 50001 ГИ ОСЛОБОДУВА ГОЛЕМИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ОД ОБВРСКАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА КОНТРОЛА

**(13 септември 2019 во хотел „City Park“ – Скопје)**

Конечно! Се очекува оваа есен да стапи на сила **Законот за енергетска ефикасност**. Со тоа, енергетската ефикасност станува официјална државна политика, а не нешто со што се занимаваа само одредени компании поради својата свесност или беа дел од светски корпорации каде културата на штедење на енергија е одамна вкоренета. Со Законот за прв пат потрошувачката на енергија, енергетските заштеди, енергетските контроли – аудити, како и мерките за намалување на енергетската потрошувачка се ставаат во законска рамка и стануваат обврска за сите. **Сите правни лица – единиците на локалната и централната власт, целокупниот јавен сектор, како и индустриските и услужните претпријатија** се обврзани да се грижат за енергетската ефикасност. Законот наметнува значајни обврски за најголемите потрошувачи на енергијата во државата- големите претпријатија.

Големите претпријатија се должни да спроведат енергетска контрола на секои четири години. **Првата енергетска контрола мора да ја направат најдоцна до 30.06.2020 година** (според нацрт-законот). Казните за неисполнување на оваа обврска се изразени во % од годишниот приход на компанијата, како за компанијата, така и за одговорното лице. Алтернативата на енергетските контроли која е понудена во Законот е имплементација на Стандардот за енергетска ефикасност ISO 50001. На тој начин, на претпријатијата им е дадена можност во иднина самите да се грижат за енергетската потрошувачка, да ја квантифицираат ефикасноста на потрошената енергија со мерливи параметри и да ги следат трошоците за истата. Покрај тоа, со одговорниот пристап кон енергијата, компанијата ќе го зајакне својот имиџ како општествено одговорна компанија.

**Стандардот за управување со енергија ISO 50001** е систем за континуирани подобрувања кој во целост е комплементарен со Стандардите ISO 9001 и ISO 14001 и е прилагоден за сите субјекти без оглед на дејноста или големината. Тој воспоставува систем на следење на потрошувачката врз основа на реални енергетски индикатори, воведува систем на континуирани подобрувања на сите аспекти на работењето и придонесува да се работи поефикасно и со помали трошоци. Се зголемува свесноста и се потикнува домаќинското и одговорно однесување на сите вработени. Сите остварени заштеди на енергија се финансиски профит за претпријатието и водат кон намалување на штетните последици за природната средина од работењето на истото.

SYMPOSION

Обуката ќе Ви ја презентира целокупната структура на овој стандард со **примери за имплементација** во субјекти од различни дејности и големина во јавниот и приватниот сектор. Ќе се осврне на улогите и одговорностите на вработените, методите на планирање, следење и имплементација на мерките за подобрувања и на другите неенергетски бенефити од овој Стандард.

Се разбира, за остварување на подобрувања во работењето на секој субјект се потребни финансиски средства, техничка или стручна помош. Со имплементација на Законот за енергетска ефикасност се отвараат и можности за субвенционирање и подршка на субјектите, основање на фондови за енергетска ефикасност, можности за јавно- приватно партнерство и стручна помош од надворешни субјекти. Алатките за финансиска помош на субјектите за зголемување на енергетската ефикасност се бројни. Исто така, Законот за енергетска ефикасност предвидува формирање на Комисија за енергетика во рамките на Министерството за финансии која ќе ги мониторира и управува сите аспекти од истиот.

Почитувани, Ве информираме дека имате можност, со котизација од **4.950 денари + 18% ДДВ**, да учествувате во оваа исклучително интересна и полезна интерактивна обука од областа на енергетската ефикасност, со вклучени кафе-пауза, ручек, сертификат за учество и работен материјал од обуката**.** За две или повеќе пријавени лица од иста институција, **следува попуст од 10%.**

Заради квалитетот на обуката, бројот на учесници е ограничен. Затоа, доколку сакате да бидете дел од истата, Ве молиме да го пополните **пријавниот лист** најдоцна **до 11 септември 2019 г.** и да го испратите на следната електронска пошта: info@simpozion.mk

**ИНФОРМАЦИИ ЗА УПЛАТА НА КОТИЗАЦИЈА ЗА ОБУКАТА**:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје

Адреса: ул. Франклин Рузвелт 54/1-16

Сметка бр. 210071635330103

НЛБ Тутунска Банка АД Скопје

ДБ за ДДВ: МК4080016561868

**Контакт тел. бр.:** 078 271 576